Даночниот морал во Република Северна Македонија

**Бриф за јавни политики за даночен морал:**

## Ограничената доверба во институциите и однесувањето на даночните обврзници

**Предизвик:**

- Ограничена доверба во институциите е особено значајна за волјата на даночните обврзници да го подмират својот даночен товар. Според едно од последните истражувања на ЦЕА, даночните обврзници во најголем дел немаат доверба во државните институции ниту на локално ниту на национално ниво, и сметаат дека доколку би плаќале повисоки даноци, истите само можат да бидат злоупотребени, а не и дека ќе бидат инвестирани во подобрен квалитетот на јавните услуги.
- Даночните обврзници ја гледаат својата врска со државата не како жртва и принуда од предаторот, туку и како процес на размена од заеднички интерес. Незадоволството и недовербата од даночните власти, во голема мера придонесува за фрустрираност на граѓаните, и барање начини за канализирање на фрустрациите.

**Препораки:**

- Лошото справување со корупцијата, нејасноста и нетранспарентноста на трошење на прибраните приходи од даноците ја зголемуваат недовербата и недостатокот на усогласеност со даноците.
- Поголема отвореност и информирање за јавните финансии за граѓаните.
- Зголемување на транспарентноста во креирањето на даночната политика и модернизација на постапките за даночна администрација.
- Активно зголемување на ефективното учеството на граѓаните во носењето на одлуките и приоритетите за трошење на даночните приходи.
- Воспоставување на систем на владеење на правото, без исклучоци во примената.
- Креирање и ажурирање на профили на даночните обврзници преку постојани анализи за ставовите и перцепциите на граѓаните кон даночните прашања.

## Манифестација на (не)задоволството од работата на јавната администрација

Еден важен елемент на доброто управување е задоволството од работата на јавната администрација - практична манифестација на владеењето што редовно ја доживуваат граѓаните кои што бараат услуги. Според последното истражување на ЦЕА[1] на оваа тема, даночните обврзници во Северна Македонија не веруваат дека зголемувањето на даночните стапки, и даночните приходи, ќе резултира со подобрување на квалитетот на јавните услуги, напротив, очекувањата се дека средствата пред се би биле злоупотребени.

Доколку во континуитет граѓаните имаат чувство за злоупотреба на нивните средства од страна на властите, истото влијае негативно врз степенот на даночниот морал како одговор на перцепцијата за неодговорно трошење на даночните средства и се одразува во низок степен на доверба во институциите

***Граѓаните своето (не)задоволство од работата на институциите, најчесто го искажуваат на социјалните мрежи.***

## Анализа на коментарите на објавите со содржина од областа на даночниот морал на профилот на ЦЕА на социјалната мрежа Facebook

Анализирајќи ги реакциите на граѓаните преку коментарите на објавите што се однесуваат на теми како што се наплатата на даноци, степенот на реализација на приходи врз основа на даноци, доверба во институциите, вредност на потрошени средства од даночните власти и слично, дојдовме до некои прелименарни заклучоци во врска со самата психологија[2] на даночните обврзници и потребата да го канализираат своето (не)задоволство. Во овој поглед, можноста за коментари на социјалната мрежа Faceboook на профилот на ЦЕА, ја одиграа улогата на социјална алатка за мерење на одговорите на граѓаните на теми кои ги интересираат од областа на даноците и трошењето на средствата прибрани од даноците. Поконкретно, коментарите ги рефлектираат нивоата на поплака, фрустрација, гнев или усогласеност на граѓаните кон конкретни теми и настани. На социјалните медиуми, луѓето демонстрираат фрустрација и празнење од незадоволството на јавната администрација, опишувајќи ја како *„партизирана"* или *„неспособна"*. Некои од нив споделуваат лични искуства, додека други коментираат во општа смисла.

**Имено, анализата на податоците се состои од категоризција на секој коментар врз основа на два параметри: достапните информации од профилот на лицето кое коментира и содржината на коментарот.**

**Категоризацијата е направена од психолог врз основа на искуството на психологот (дискреција на истражувачот). Вкупно се анализирани 57 коментари кои се појавиле на постовите на ЦЕА во периодот Ноември 2020 до Април 2021. Подолу се претставени резултатите од анализата.**

Најголемиот дел од коментарите (74%) се израз на разочараност/фрустрација, потоа следат коментарите од забавен карактер (16%) и коментарите од конструктивна критика (9%). Се појави еден случај на коментар во врска со пандемијата. На следниот графикон е даден графички приказ на истите резултати, приказ на типовите коментари по месеци и приказ на коментарите по месеци.

Графикон 1. Приказ на сегментацијата на коментари

[1] https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/0.-Analiza-na-danocen-moral-DETERMINANTI-CEA-28052020-so-CIP-2.pdf

[2] Анализата на коментарите беше спроведена од експерт за психологија.




Големата заинтересираноста да се коментира на објавите на ЦЕА кои се однесуваат на даноците и даночниот морал беа изненадување за ЦЕА, односно нивната длабочина и опсегот на разочарувањето беше поттик за дополнително анализирање на содржините.

Имено, разочарувањата, фрустрациите, незадоволството кои произлегуваат како резултат од работата на јавната администрација, односно институциите води кон барање на начини како сето тоа да се канализирапа оттука еден начин е и коментирање односно “празнење” преку социјалните мрежи. Студијата Sell out, tune out, get out, or freak out?[3] идентификува потенцијални опции кои им се достапни на граѓаните како одговор во таквите ситуации. Граѓаните може да се “наместат”, да “излезат” или да се “распродадат”; или пак може да се “радикализираат” (откачат) на покорен или на субверзивен начин. Оваа радикализација може да се преземе преку ненасилни средства, но и потенцијално преку насилство.

• Да излезат (Get out): емигрирање во земја која функционира „нормално“ и се смета дека е ослободена од распространета лоша политика што го карактеризира животот во регионот повеќе од една генерација.

•Да се распродадат (Sell out): да се придружат на политичка партија или на друг начин ефективно да станат дел од системот и покровителската машинерија.

•Да се наместат (Tune out): да останат, да живеат колку што е можно надвор или подалеку од структурите и политиката што се сметаат за одбивни и неправедни.

•Да откачат (Freak out): да се радикализираат за да побараат суштинска промена во системот што го отфрлаат:

- Позитивна радикализација: да се придружат на радикализирани истомисленици во мирно и прогресивно, но сепак субверзивно движење, придржувајќи се и пропагирајќи ги либералните вредности базирани на отчетна и партиципативна влада.
- Негативна радикализација: да се придружат кон радикализираните истомисленици во покорно и регресивно движење, придржувајќи се и пропагирајќи нелиберални вредности.

Според коментарите на објавите кои беа земени во предвид при кратката анализа можеме да претпоставиме дека граѓаните кои коментирале не влегуват во првата и втората категорија, односно не се дел од категоријата Get out, односно не би се иселиле за да се вклопат во друга организациска структура, исто така не се дел од категоријата Sell out, односно не се политички припадници, туку повеќе е веројтно дека припаѓаат во групите кои ќе се обидат да останат, да живеат колку што е можно надвор или подалеку од политичките влијанија или пак “да откачат”(Freak out) и да се радикализираат за да побараат суштинска промена во системот што го отфрлаат.

Доколку сумираме и се осврнеме на анализите на ЦЕА за даночниот морал, можеме да забележиме дека даночниот

[3] http://www.democratizationpolicy.org/wp-content/uploads/2021/04/Eurothink-DPC-Final-Report-to-Publish-March-2021.pdf

морал и доброволното исполнување на даночните обврски се корелирани со довербата во институциите и ефективната комуникацијата со граѓаните. Еден од детерминантите на даночниот морал се степенот на доверба во владата, администрацијата и правниот систем. Сепак, даночните обврзници сметаат дека има високо ниво на корупција и немаат доверба дека би се намалил степенот на корупција ниту на локално ниту на централно ниво, со оглед на тоа што според нивната перцепција ситуацијата е непроменета и нема подобрување во подолг временски период.

Според тоа, може да се забележи дека континуираното незадоволство и недоверба во институции води кон фрустрации кои граѓаните односно даночните обврзници имаат потреба да ги канализираат. Така, граѓаните кои не се членови на политички партии и кои останале во земјата а не емигрирале веројатно бараат начин како да го канализираат незадоволството и фрустрациите. "Празнењето" го спроведуваат преку избирање на соодветен медиум и објава со тема која ги предизвикува, каде што го искажуваат својот став преку:

а) разочараност/фрустрација;
б) забава/сарказам.
Поретко, некој има потреба да даде конструктивна критика.

## Предизвици за решавање

Анализите и заклучоците ни овозможуваат да идентификуваме потенцијални области за различните чинители во општеството кои би можеле да ги поддржат напорите на власта за подобрување на даночниот морал и даночната усогласеност на граѓаните.

- ***Корупцијата, нејасноста и нетранспарентноста на трошење на прибраните приходи од даноците*** ја зголемува недовербата и недостатокот на усогласеност. Перцепцијата на граѓаните за даночниот систем како и нивните приоритети и барање за фискална легитимност се легитимни и треба да бидат земени во предвид од оние кои носат одлуки во носење на политики за унапредување на даночниот систем на РСМ.

- ***Поголема отвореност и информирање за јавните финансии пред граѓаните*** може да доведе до поголема ***доверба во системот*** за јавни финансии, со што ќе се придонесе граѓаните да се гледаат како приматели на јавни услуги наспроти да се гледаат само како даночни плаќачи.

- ***Зголемување на транспарентноста во креирањето на даночната политика*** и модернизација на постапките за даночна администрација, ќе ги намалат можностите за корупција и ќе ги подобрат „искуствата на даночните обврзници“.

- Активно зголемување на ***ефективното учеството на граѓаните*** во носењето на одлуките и приоритетите за трошење на даночните приходи ќе го зголеми чувството на идентитет и припадност кон општеството што го зголемува даночниот морал.

- ***Воспоставување на систем на владеење на правото,*** без исклучоци во примената, ја зголемува довербата во системот, даночниот морал и даночната одговорност

- ***Креирање и ажурирање на профили на даночните обврзници*** преку постојани анализи за ставовите и перцепциите на граѓаните кон даночните прашања со што ќе овозможи повеќе информации на даночните власти и на носителите на

политиките за посебни групи, социо-економски и институционални фактори кои влијаат врз даночниот морал.

This Policy Brief is based on the ***analysis: Tax morality in RN Macedonia-Analysis of the factors of tax moral in the country***, developed as part of a Center for Economic Analyses' (CEA) project entitled: ***PROJECT: Tax responsibility Project – Towards civic responsibility and responsible tax.*** This project is funded by the European Union through the European Instrument for Democracy and Human Rights.. More information available at https://cea.org.mk/

© CEA 2020. This Policy Brief is published by CEA | bul. Jane Sandanski 63/3, Skopje, Macedonia |Tel: +389 2 2444 766 | info@cea.org.mk | website: www.cea.org.mk | CEA's Policy Briefs are meant to inform, educate and initiate debate on specific development and public policy issues. Readers are encouraged to quote or use material from this paper for their own use, but CEA requests due acknowledgement.